# АГЕНДА

**НАСЛОВ:**

## Менување на квалификациските потреби во Северна Македонија

*СКОРЕШНИ ЗАКЛУЧОЦИ ОД ЕВРОПСКАТА АНКЕТА ЗА КВАЛИФИКАЦИИ И ПРОФЕСИИ*

**ВРЕМЕ И МЕСТО**

***27 септември 2023, 10:00 – 12:00 (централноевропско време), Zoom***

**РЕЗИМЕ:**

Целта на онлајн настанот е да се претставаат главните заклучоци за Северна Македонија, собрани преку Европската анкета за квалификации и професии[1], и да се дискутираат клучните поенти во градењето политики, како и новите можности за проширување на истражувањето на квалификациите и зајакнувањето на капацитетите во нивното управување. Заклучоците и анализите се суштински важни за работата на ЕТФ во областа на пазарот на труд и квалификации во партнерските земји со цел да се зајакне управувањето со квалификациите и да се поддржи двојната (дигитална и зелена) транзиција, како и да се консолидираат доживотното учење и политиките за вработување.

Оваа анкета на Европскиот центар за развој на стручно обучување (ЦЕДЕФОП) собира информации за бараните квалификации и професии, дигитализацијата, неадекватноста на вештините и квалификациите, како и учењето на работното место, преку репрезентативни примероци на возрасни работници на национално ниво. Нејзината цел е да ѝ даде основа на дебатата за политиките во однос на влијанието на дигитализацијата врз иднината на работните места и квалификациите во светлина на последиците од пандемијата COVID-19. Анкетата собира информации од земјите членки на Европската Унија, Норвешка и Исланд. ЦЕДЕФОП соработуваше со ЕТФ во спроведувањето на анкетата во шест партнерски земји (Албанија, Босна и Херцеговина, Косово[2], Северна Македонија, Србија и Израел). Анкетата се стреми да прерасне во клучна алатка во градењето политики засновани врз факти во областа на образованието и обучувањето, особено во програмата за преквалификација и унапредување на стручните

[1] Повеќе информации за анкетата се достапни овде.

[2] Ова именување не одразува одредена позиција во однос на статусот и е во согласност со UNSCR 1244/1999 и мислењето на Меѓународниот суд на правдата за Декларацијата за независност на Косово.

компетенции. Нејзината концепција ги опфаќа амбициите за раст, одржливост и отпорност на Европскиот столб за социјални права, Европската агенда за вештини, Европската дигитална стратегија, препознавајќи ја важноста на дигиталните вештини, истакната во Препораката за стручно образование и обучување на Советот на ЕУ од 2020 г. и во Декларацијата од Оснабрик.

**Работни јазици на настанот се македонски и англиски.**

| Време | Агенда |
|---|---|
| 10:00 - 10:10 | *Модератор на настанот Лиза Рустико, експерт за развој на човечки капитал – Одговорно лице за Северна Македонија (ЕТФ)*<br><br>**Отворање и вовед**<br><br>*Мануела Прина, раководител на Одделот за идентификација и развој на вештини (ЕТФ)*<br>*Александру Албу, Делегација на ЕУ во Северна Македонија* |
| 10:10 - 10:55 | **Менување на квалификациските потреби. Првични заклучоци од Европската анкета за квалификации и професии во Северна Македонија**<br><br>*Говорник: Мирча Бадеску, статистичар за развој на човечки капитал (ЕТФ)*<br><br>*Прашања и одговори* |
| 10:55 - 11.50 | **Европска анкета за квалификации и професии: импликации врз политиките и истражувањата**<br><br>Панел дискусија<br><br>*Учесници:*<br>- *Младен Фрчковски, Министерство за труд и социјална политика*<br>- *Надица Костоска, Министерство за образование и наука*<br>- *Линдита Ќазими, Центар за образование на возрасни*<br>- *Снежана Јовановска Ацева, Агенција за вработување*<br>- *Наташа Јаневска, Стопанска комора* |
| 11:50 - 12.00 | **Затворање**<br><br>*Кристина Меретуда, виш експерт за развој на човечки капитал – Координатор за активни политики на пазарот на труд (ЕТФ)* |